Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 527/2023

Дата: 14-03-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на главен колектор за поврзување на Виница и селата Градовци и Прибачево на Псов Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново-Облешево.**

Трасата на колекторот поминува низ КО Мојанци, КО Грдовци и КО Прибачево, во Општина Кочани, КО Лески, КО Виница, КО Јакимово и КО Истибања, во Општина Виница и КО Теранци, во Општина Чешиново-Облешево.

Вкупната должина на трасата изнесува околу 20,5 км. Должината на трасата за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува околу 19,3 км.

За останатиот дел од трасата има издадено Услови за планирање на просторот со тех бр.: Y11713, Y15514, Y17216, Y06016, Y05016, Y19715 и Y07319. Трасата се сече со издадени Услови за планирање на просторот со тех бр.: Y33510, Y07805, Y25813 и Y31614.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y47622** се составен дел на Решението.

3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 225/20).

4. Условите за планирање на просторот за изградба на главен колектор за поврзување на Виница и селата Градовци и Прибачево на Псов Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново-Облешево содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина
и просторно планирање на
Република Северна Македонија

Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 46107 од 26.09.2022 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на главен колектор за поврзување на Виница и селата Градовци и Прибачево на Псов Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново-Облешево.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на главен колектор за поврзување на Виница и селата Градовци и Прибачево на Псов Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново-Облешево и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 527/2023 од 10.03.2023 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на главен колектор за поврзување на Виница и селата Градовци и Прибачево на Псов Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново-Облешево претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска